


Крум Солунов Монев (5 V. 1927 – 18 II. 2001) е македонски револуционер во Пиринска Македонија, борец за ослободување и обединување на Македонија.

Учествува во четата Герасим Тодоров. Поради македонизмот издржал 16 години затвор, одбегнувајќи ја смртната казна поради малолетност. Овој македонски патриот и писател за својата националност ќе изјави „Македонец - фанатичен до болест“.

Крум Солунов Монев е роден на 5 мај 1927 година во селото Оштава, Светиврачко, Пиринскиот дел на Македонија, во сиромашно, многудетно семејства. На осум години

останал без татко. Поради сиромаштијата е принуден рано да го напушти училиштето. Тој учи само до 4-то одделение. На 12 години станува наемен работник по туѓи домови. Најчесто платата му била само исхраната, некоја облека и обувки.

Во почетокот на 1948 година, бугарските безбедносни служби свесни за неговите промакедонски чувства не му дозволуваат да служи во бугарската армија, туку го испраќаат да служи во „Трудовите војски“. Таму биле испраќани сите оние за кои се сметало дека немаат бугарско национално чуство (Турци, Македонци, помаци, Власи и др.). Едноставно, тие не требало да имаат добра воена обука.

Но, наместо кон трудовата единица, Крум Монев го фатил патот кон Пирин, каде од крајот на 1947 година има неколку партизански формации, кои се борат против новиот комунистички режим во Бугарија. Тој се приклучува на 6 – тиот пирински одред на Герасим Тодоров, наречен од кумунистите „бандата на Герасим“.

По помалку од три месеци, по 9 март 1948 година, Пирин планина била блокирана од војска и милиција. Единицата на Тодоров е поразена, а десетици се убиени. Други десетици кои биле фатени биле осудени на различни години затвор.

Крум Монев е осуден на петнаесет години самица. По малку повеќе од осум години, од кои три години во кампот на островот Белене, тој е ослободен. Испратен е да служи во трудивите војници.

Неколку месеци подоцна бега од единица и преку Југославија сака да оди во Италија или Австрија. Меѓутоа, бил фатен од југословенските власти и вратен во Бугарија. Повторно лежи во бугарските затвори. Така поминува во затвор околу 16 години.

Бугарските затвори стануваат неговиот универзитет, кој му дава добра подготовка за неговото творештво. Но, времето поминато во ужасните услови во бугарските затвори му го уништува здравјето на Крум Монев.

Крум Монев почина на 18 февруари, 2001 година во Долна Градешница, Бугарија.

**ОМО "Илинден"- ПИРИН**